REPUBLIC OF MACEDONIA
AGENCY FOR ELECTRONIC COMMUNICATIONS

Dimitrie Cupovski 13
1000 Skopje
Republic of Macedonia
tel.: +389 2 32 89 200
fax: +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

# З А П И С Н И К

Од четвртиот состанок во 2013 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации што се одржа на 14.03.2013 година (четврток) во 10:00 часот

Четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 14.03.2013 година (четврток) во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова,
2. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов,
3. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
4. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
5. Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини,
6. Директорот на Агенцијата за електронски комуникации г-н Роберт Орданоски,
7. Шефот на кабинет на Директорот г-н Владимир Ристевски,

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневниот ред:

1. Усвојување на записникот од третиот состанок во 2013 година на Комисијата на АЕК и усвојување на дневниот ред за четвртиот состанок во 2013 година.

Записникот и дневниот ред беа едногласно усвоени.

2. Усвојување на квартален извештај за четвртиот квартал на Агенцијата за електронски комуникации за 2012 година

   Од страна на Директорот беа презентирани активностите на стручните служби во четвртиот квартал од 2012 година. Во овој период беа завршени голем број на проекти кои беа предвидени за 2012 година како што се регулација на малопродажните и пакетираните услуги на СМП операторот со помош на тестови за цени за истиснување на конкуренцијата, регулација на цените за bitstream услуги со помош на LRIC методологија, регулација на цените за изнајмени линии со помош на LRIC методологија и други. Започнати се голем број на проекти како што се создавањето на интегриран информатички систем, набавка и инсталација на софистицирана мерна опрема и други. Во овој период

АЕК доби сертификат ISO 9001:2008 и направени се подготовки за добивање на стандардот ISO 27001.

По дискусијата Кварталниот извештај за четвртиот квартал од 2012 година беше усвоен од страна на Комисијата.

3. Разно.

   Комисијата заклучи дека е постапено според Заклучокот на Владата на Република Македонија број 80/1 од 30.01.2013 година.

   Беше дискутирано за можноста за решавање на проблемот со простор за дирекцијата на АЕК до завршување на изградбата на Административниот објект на АЕК. Беше задолжен директорот на АЕК до следниот состанок на Комисијата да достави информација за можните решенија.

Состанокот заврши во 11:00 часот.

Гордана Клинчарова, претседател

Горан Велинов, член

Газменд Ајдини, член

Славе Веловски, член

Петар Есмеров, член

Наш број ____________

Скопје ______________